# МАТЕРИЈАЛИ

Ѓорѓи СТОЈЧЕВСКИ

## НЕКОЛКУ НЕОБЈАВЕНИ АВСТРО-УНГАРСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА ДЕЛНОСТА НА ЈАНЕ САНДАНСКИ

За поопстојно образложување и претставување на дејноста на Јане Сандански во периодот на Младотурската револуција во Македонија и по неа, приведуваме нови, досега кај нас необјавени австриски документи.

Документите се од фондот Министерство за надворешни работи на Австро-Унгарија и се наоѓаат во Куќниот, Дворскиот и Државниот Архив во Виена, а се донесени на микрофилм во Архивот на Македонија во Скопје.

Тие претставуваат дел до дипломатската преписка меѓу австро-унгарското пратеништво т.е. Генералниот конзулат во Солун и Министерството за надворешни работи во Виена. Тие се предадени во овој труд според хронолошкиот редослед на нивниот постанок, односно датумот кога се пишувани.

Изборот на овие документи е во тесна врска со причината дека тие се дел од една поголема серија документи во кои се известува за дејноста на Јане Сандански. Приведениве документи пак претставуват нивна дополна и заокружување на сознанијата што се стекнуваат од споменатата серија. Фактот дека досега овие некоклку документи не се објавени, иако содржат релевантни податоци за вонредно значајната дејност на Сандански во преиодот по Младотурската револуција и за Народната Федеративна Партија и неговиот однос кон истата, уште повеќе ја потенцира потребата за нивно предочување на современата македонска историографија и научна јавност.

Од друга страна, овие документи корисно ќе послужат како квалитетна дополна во сознанијата за дејноста на оваа за Македонија и македонскиот народ знаменита личност од нашата понова историја од аспектот на австро-унгарското становиште кон самиот Јане Сандански, партиското организирање на Македноците и воопшто состојбата во Македонија непосредно по изведувањето на Младотурската револуција.

Документите сведочат за делувањето на Јане Сандански во текот на првата деценија на 20 век во Македонија, кога таа се уште била во состав на Османлиската империја, кога настануваат мошне значајни економски, социјални и политички промени, кои ги опфатиле сите слоеви на македонското население и сите подрачја на стопанскиот, социјалниот, политичкиот и културниот живот во европскииот дел на Турција. Овие промени не биле сосема нова појава, туку натамошно продлабочување на веќе поодминатиот процес на севкупната економска, општествена, политичка и државна криза во османлискиот систем.

Овој период го карактеизираат, исто така, и вонредно неподносливите и тешки услови за живеење на македонскиот народ. Тие услови, согледани од аспектот на меѓународната економска положба на Империјата, неспорно предочуваат дека полуфеудалниот општествено-економски систем на Империјата преживуал сеиозна криза во сите значајни сфери на живеењето, борејќи се во исто време да ги конзервира историски веќе надживеаните општествено-економски односи и при тоа не бил способен да премине во нов, буржоаско-капиталистички развој и се распаѓал, водејќи ги народните маси во Македонија во уште потешки услови за живеење.

Револуционерната дејност на Јане Сандански во овој период значи чекор понапред во борбата за самостојноста и признавањето на македонската национална посебност и воедно ангажирано барање за автономија на Македонија во рамките на Источната федерација.

Сандански, како вонреден организатор и доследен стратег на македонската револуционерна акција, носител на идеалот за македонската слобода и самостојност, си останува доследен продолжувач на националнореволуционерното движење по смртта на Делчев и верен продолжувач на неговото дело се до својата смрт. Тој не е само легенда, туку и неуморен борец против тирајнијата и „Пирински цар", како што го нарекол народот својот заштитник и јунак.

Во македонската историографија Јане Сандански е одбележан како еден од најголемите борци за самостојноста на македонската револуционерно-ослободителна организација. Неговата борба за ослободување на македонскиот народ се одвиваше во два основни правци: против турската империја, режимот на султанот и спахиите, првиот, и борба против нечесните стремежи на бугарскиот двор, другиот

правец, кој со години настојуваше да го земе во свои раце раководството на македонската ревлуционерна организација.[1]

Со преведувањето на приведениве документи, кои до сега не беа ставени на увид пред македонската историографија и пошироката научна и друга јавност, а се однесуваат на интензивната револуционерна дејност на Јане Сандански непосредно по Младотурската раволуција во Македонија, уште еднаш го осветлуваме ликот на Сандански, идеологот и продолжувачот на Гоцевото дело за Слобода и Самостојна Македонија.

## ПРИЛОЗИ

1.

Бр. 167 Солун, 8 август 1908 година.

Благороден бароне,

За конечното одредување на конституционалната програма на здружените револуционерни партии во Македонија значаен е исходот од преговорите што се водат сега во Солун меѓу членовите на Младотурскиот централен комитет и претстав ниците на бугарските[2] групи.

На ова се темели - откако грчката организација привремено се распушти и грчките чети по предавањето на неколку стари пушки на државните валсти (целокупното ново оружје остана во посед на приапдниците на грчките комитети во земјата) се вратија во татковината - најголемиот дел на идната акциона слобода и силата, со која истите ќе можат да го застапуваат своето становиште во Цариград.

Од бугарските организации „партијата на Врховистите", која ја следи намерата за приклучување на Македонија на Кнежеството Бугарија, од пред една година е скоро во целосна безначајност; последнава располагаше најпосле само со уште две чети. За договарањето кое започнува, спроед тоа, доаѓаат во предвид само таканаречената „внарешна" организација, која ги опфаќа вилаетите Битола, Косово и, со исклучок на санџакот Серес, Солун и која настојува за политичката и административната Автономија на Македонија, како и либерално-меѓународната фракција на Сандански, чија сфера на делување се протега врз целиот дел на санџакот Серес.

---

[1]Види во: Јане Сандански и македонското национално ослободително движење, Материјали од Научниот собир одржан на 3 и 4 ноември 1975 година во Струмица по повод шеесет години од убиството на Јане Сандански, Скопје, 1976, с. 11.

[2]Станува збор за претставниците на македонските групи.

Првава е моментално застапувана во Солун од Петко Пенчев, член на Централниот комитет на „Внатрешната организација" и уредник на дневниот весник „Илинден". Истиот во придружба на централистичкиот приврзеник Павле Христов се наоѓа отприлика од пред два месеци во Македонија и сега, кога беше прогласен уставот, се наоѓа во близина на Битола.

Овие надворешни околности поволно влијаат за неговото зближување со Младотурскиот извршен комитет во Битола. Истото потоа уследи и во форма на изјава дадена од Пенчев, која беше прифатена од Младотурците и таа ја создаде основата за следниве договори:

1. Внатрешната организација се обврзува, со откажување од целта која досега ја следела, да се бори за Автономија на Македонија, заедно со Младотурскиот комитет за уставот што ќе и се даде на **целата** држава.

2. Внатрешната организација ги распушта според тоа нејзините чети што оперираат во Македонија.

3. Оружјето на истата сепак останува кај бугарските[3] комитети што се наоѓат во поедините градови.

4. Освен тоа, Младотурскиот комитет се обврзува во случај на потреба да вооружи новообразувани чети на Внатрешната организација таму каде досега немаше бугарски[4] комити или каде не преовладуваше бугарскиот[5] елемент.

5. Младотурскиот комитет понатаму се обврзува да преземе сé за да се признае принципот за целосна рамноправност меѓу Христијаните и Муслиманите.

6. Внатрешната организација ќе постои како таква и, доколку Младотурскиот комитет се покаже безволен или неспособен да ја спроведе утврдената програма, повторно ќе ја продолжи својата поранешна акција.

Сепак Пенчев и неговтата Партија не останаа на овие барања при овие договори; тие дури и ги резимираа следните политички барања на Внатрешната организација во една Резолуција доставена до „Комитетот за обединение и прогрес" во Солун:

1) Нова поделба на провинциите на турската држава со можност за разграничување на поедините националности во смисла на членот III. од Мирцштегскиот Договор.

2) Изготвување на провинциски устави врз основа на далекусежна автономија на окрузите. Конституирање на Окружни

---

[3]Станува збор за македонските комитети.

[4]Станува збор за македонски комити.

[5]Станува збор за македонскиот елемент.

собранија за управување со работите на округот, посебно за утврдувањето на предлог-пресметката и советување за буџетот.

3) Модификација на Мидатовиот Државен устав од 1876 година во смисол на тоа членовите на Сенатот (Хејет-и-ајан) да не бидат назначувани од Султатнот, туку да се бираат од управните совети (Меџлиси) на санџаците и казите.

4) Ограничување на деловниот круг на државното собрание (Меџлис-и-умуми) врз агендите означени како „државни работи" и врз советувањето на буџетот во врска со нив. Компетенцијата на Државното собрание според тоа би се однесувала на советување и донесување заклучок во работите

за царската куќа

за надворешните работи

за држвните финансии

за Господарот и за флотата.

5) Јасни појмовни определби на поедини основни права што им припаѓаат на османските граѓани, посебно Законот за политичките здруженија и собири, како и слободата поучувањето и учењето што накратко е обработена во членот XV на Уставот.

Според тоа, конституционалната Програма на Внатрешната органицација во својата основа се претставува како Проект кој, со тоа што многу работи од законодавството им ги пренесува на окружните собранија или на националните интересни претставништва, со далекусежното **признавање на федеративниот принцип има за цел слабеење на државната власт.**

Во спротивност кон ова е либерално-меѓународниот став на бугарскиот[6] војвода Сандански и на неговите приврзаници Паница, Бујнов, Делирадев, Кантарџев и Крижовски, кои, со спазување на принципот за Автономија или за приклучување на Македонија кон Бугарија, **настојуваат создавање на силна Република втемелена на поврзувањето на сите отомански националности.** Во Програмата, што намерава да ја објави групата на Сандански, голем простор заземаат, како што се слуша, екстремно-социјалистичките принципи на оваа Партија по однос на сите прашања за уставот и управата.

Меѓу двете меѓусебно непријателски расположени бугарски[7] партии, раководството на Младотурскиот комитет во Солун се обидува од пред подолго време да најде начин за нивно разбирање. Овие напори останаа без успех до сега, делумно заради тоа што меѓу Пенчев и Сандански постои длабок личен антагонизам, делумно заради тоа што

---

[6]Станува збор за македонскиот војвода Сандански

[7]Станува збор за македоснките партии

првиов како неизоставен предуслов за помирувањето го бара целосното потчинување на спротивната партија на политичката Програма и на Регулативата на Внатрешната организација. Исто така и околноста дека овдешното младотурско раководство на комитетот се состои делумно од млади и неискусни елементи, на кои очигледно им недостасува јасно одредена акциона програма, можеби неповолно влијае врз текот на преговорите.

Навистина, како што се слуша, овој принципиелен антагонизам има како последица и расцеп на Младотурскиот комитет во две партии: едната, која најмногу се состои од мажи што ги завршиле своите студии во Европа, е наклонета кон Проектот на Внатрешната организација, додека другата националистичко-конзервативна група се држи за сегашниот устав и се покажува како решителен противник во однос на поопсежни слободи на немуслиманите и посебно по прашањето на уставот и на управата најмногу се зазема за централизација. Исто така и по прашањето за вишите училишта оваа партија зазема наполно конзервативно, националистичко становиште.

Се изразува и надевањето дека на претставниците на Внатрешната организација во Софија, Матов, Дорев и Д-р Татарчев, чие доаѓање во Солун претстои, ќе им успее да постигнат единство. Во секој случај, одлуката по ова прашање во многу ќе зависи од понатамошниот развој на настаните во Цариград и од ставот на тамошниот Младотурски комитет, со кој постојано контактира овдешното централно раководство.

Во сегашниот момент претстојните избори го привлекуваат глвниот интерес на водечките македонобугарски политичари; истакнатите претставици на бугарските комитети се скоро без исклучок кандидати за мандати во парламентот. Моментално се смета на 8, најмногу 10 бугарски[8] мандати.

За да може оваа бројка соодветно да се корегира во интерес на ефективно претставување во парламентот на подоцнешните избори, беше исфрлена паролата дека треба да се започне со активна агитација за враќање на македонските емигранти што живеат во Бугарија.

Истото го известувам во Цариград под бр. 160, а со препис бр. 235 ја известувам цар. - крал. цивилна агенција.

Дозволете ми Ваше Височество израз на моите најдлабоки почитувања.

Пара

До Неговото Височество
благородниот Господин
Алоис Барон Лекса фон Ерентал
итн. итн. итн.

**Виена**

АМ, фонд: Министерство за надворешни
работи на Австро-Унгарија, M-XV/173/9-23

[8] Станува збор за македонски мандати.

2.

Бр. 169 Солун, 9 август 1908 година

Благороден бароне,

Во мојот денешен понизен извештај бр. 167 имав чест да го известам Вашето Височество за овдешното престојување на претставниците на бугарската[9] Внатрешна организација со цел за водење преговори со турскиот централен комитет за одредување на заедничка конституцинална Програма.

Изгледа дека во претходниот мој извештај наведената бугарска[10] резлолуција, како премногу радикална, беше изјавено дека не е прифатлива за споменатиот централен комитет.

Во прилог на ова говори и околноста дека Внатрешната организација настапи со нов предлог пред раководството на турскиот комитет, во кој таа категорички изјавува дека привремено се откажува од дискусијата по Програмата предадена на 23 јули ст.ст. (: 5 август:), со тоа што смета дека истата ќе треба да ја резервира за подоцна, кога ќе биде свикан Општ конгрес на сите Отомански акциони групи.

Со посредство на публицистот Симеон Радев дојдов до текстот на овој нов како „Меморандум" насловен бугарски[11] предлог, и си дозволувам истиот во прилог да го доставам на Вашето високоценето знаење.

Верувам дека не се лажам ако претпоставам дека Господинот Радев е исто така и составувачот на овој спис.

Од споманатиов меморандум се дознава интересниот факт дека и за самата Внатрешна организација, која важи за многу поумерена отколку групата на Сандански, отстранувањето на султанот се содржело и во нејзините првични предлози до турскиот комитет.

Јас многу се сомневам дека предлогот на Внатрешната организација, заради заштита на конституционалните принципи да се образува национална милиција составена од сите сигурни елементи на населението, има изгледи да биде прифатен од младотурците.

Истото го известувам во Цариград под бр. 162, а со препис бр. 238 ја известувам цар.-крал. цивилна агенција.

Дозволете ми, Ваше Височество израз на мојата длабока почит.

Пара

До Неговото Височество
благородниот Господин
Алиос Барон Лекса фон Ерентал
итн. итн. итн.

**Виена**

---

[9] Станува збор за Македонската Внатрешна Организација.
[10] Станува збор за македонската резолуција.
[11] Станува збор за македонски предлог

Додаток кон бр. 169

До Отоманскиот комитет за единство и прогрес
во
**Солун**

Сакајќи да даде нов доказ за умереност, добра волја и приврзаност кон уставниот режим, кон консолидацијата, со кој искрено сака да соработува, Внатрешната организација реши од Програмата, предадена на 23. о.м. од страна на нејзиниот Централен комитет до Отоманскиот комитет за обединение и прогрес, да се отстрани секаков карактер на итност и во неа да се гледа само како на Декалрација за принципите, чија примена корисно би се дискутирала на Општиот конгрес на сите Отомански акциони групи, кој понатаму би се свикал.

Внатрешната организација, имајќи предвид дека прашањето на круната на Отоманската империја претставува религиозен и канонски аспект, бидејќи султанот истовремено е калиф и суверен, смета дека е нејзина задача да не инсистира на својата првобитна намера во врска со абдикацијата на шефот на државата кој сега владее, кој е пред сé одговорен пред свеста на муслиманскиот свет.

Внатрешната организација ќе продолжи - како што тоа го прави од првиот ден - да го користи сето свое влијание за да го потпомогне одржувањето на редот и на умерената примена на слободата. Таа исто така смета дека би било многу важно за брзото зацврстување на новиот режим, за неговото зачувување да се заинтересираат повеќе широките слоеви на населението, повикувајќи ги веднаш да учествуваат во некои домени на управата врз основа на изборниот прнцип. Се чини дека првиот чекор во таа насока би била наредба - тоа исклучиво зависи од Комитетот за обединение и прогрес - веднаш да се изршат изборите за градски и управни совети, согласно Законот за вилаетите од 1869 година, кој претходната влада никогаш не го применуваше.

Учеството на народниот елемент во управувањето со локалните интреси исто така би имало предност со тоа што на европскиот свет и на балканските земји ќе им се дадат докази дека е можна, под уставниот режим, ефиканса соработка во владеењето со сите националности, до сега толку многу вештачки поделени од страна на вештиот деспотизам.

Секогаш загрижена за иднината на новиот режим, чие доаѓање најтопло го поздравува, Внатрешната организација смета дека трба итно да се организира еден вид народна одбрана против отпорите на кои евентуално ќе наиде примената на уставните принципи и против нападите чиј објект би бил уставот. Затоа нејзе и се чини дека најефикасно средство во таа смисла би било создавање на национална

милиција, која меѓу своите кадри би ги опфатила елементите на населението, познато по своето добро однесување и приврзеност кон уставот.

Изложувајќи му ги на Отоманскиот комитет за обединение и прогрес своите погледи за состојбата, Внатрешната организација би сакала да се надева дека ќе ги задволи патриотските чувства што ја инспирираат и дека ќе ја цени погодноста на предложените мерки, со доверба од која никогаш нема да отстапи.

АМ, фонд: Министерство за надворешни
работи на Австро-Унгарија, M-XV/29-37

3.

Бр. 284 Солун, 18 ноември 1908 година

Благороден бароне,

Во дополнение на мојот извештај од 10. о.м. бр. 278, имам чест да го известам Вашето Височество дека избраниот адвокат од Солун Христо Далчев за пратенк во санџакот Серес се откажал од својот мандат, поради што мора да се оди на избор на заменик.

Мутесарифот[12] од Серес замоли во врска со ова за инструкции кај овдешниот генерален гувернер, кој по овој предмет извести во Великиот везир.

Се верува дека Младотурскиот комитет ќе настојува да успее изборот на Сандански.

Истото го известувам за Цариград, а со препис ја известувам и царско-кралската цивилна агенција.

Дозволете Ваше Височество израз на мојата длабока почит.

Пара

До Неговото Височество
Благородниот Господин
Алиос Барон Лекса фон Ерентал
итн. итн. итн.

**Виена**

АМ, фонд: Министерство за надворешни
работи на Австро-Унгарија, M-174/19-20

[12] Управител на санџак, кој ужива некое право или посед, окружен управител.

4.

Бр. 214 Солун, 20 септември 1909 година

Благороден грофе,

Прашањето на општата одбанбена обврска на овдешното христијанско население во последниве денови му е сериозно предочено, со тоа што властите сега веќе вршат активни подготовки за водење на евиденцијата, односно на состојбата на Немуслиманите.

Дека одбранбената обврска кај овие елементи е посебно популарна, не може да се тврди, па дури и кај население што не е навиканто да дава данок во крв е и многу сфатлива. А на почетокот се зборуваше и дека имотните Христијани многу се служат со законски дозволеното откупување, додека пак наспроти тоа, сиромашните масовно бегаат и изгледа дека од младотурската страна и форално се смета на државните приходи поврзани со ова од една страна, а од друга на елиминација по пат на дезертирање на и онака прекубројниот христијански елемент.

Меѓутоа, сега во последниве денови од сите страни пристигаат вести според кои христијанските организации, како и свештенството, развиваат жива агитација со цел доволно да се одговори на обврската за одбрана. Од бугарска[13] страна ова се чини со признаената цел да се успее со територијалниот систем кој се бараше од неодамнешниот Конгрес. Од грчка страна[14] акцијата се води од патријархатот, при што горепојаснетата, против интересите на отоманскиот фискус, односно против ограничувањето на бројот на христијанските регрути вперена тенденција, прилично безобзирно се признава.

Повторното појавување на одделни чети се јавува како од грчкиот југ, така исто и од бугарскиот[15] север од повеќе места на генералниот гуверман. Исто така не недостасуваат и вестите за акти од политички криминал меѓу припадниците на различни националности и вероисповести. Меѓутоа, за чудо, токму во округот на Јенице, во кој инаку и сега грчко-бугарското[16] ривалство поприма крвни форми, на овие појави дијаметрално им е спротивна веста дека грчки и бугарски чети си се тргаат од патот и ги тераат селаните да ги поддржуваат и едниве и другиве, така што се добива впечаток како да се пробива пат за соработка на двете страни против Турците.

Очигледно овде се работи за преоден стадиум, во кој старите и во овдешниот извештај од 11. о.м., бр. 207 појаснетите нови тенденции

---

[13]Станува збор за македонската страна

[14]Станува збор за приврзеници на грчка пропаганда.

[15]Македонскиот север е во прашање.

[16]Станува збор за ривалство меѓу македонци и приврзеници на грчка пропаганда.

на различните чети или фракции се применуваат паралено и се уште не може да се рече која ќе победи.

Не помалку интересен е и фактот дека од пред кратко време во овдешниот кралски грчки генерален конзулат беше вработен извесен Налче како драгоман, кој своевремено во Битола беше шеф на грчката пропагандна секција и од страна на отоманските власти заради неговата многу ревносна активност беше прогонет во Подгорец (Охрид) и чуван со полиција, но потоа по повод повторното воспоставување на конституцијата беше ослободен.

Сé уште не е изчезнато недоверието спрема Грција. Дека пред неколку дена во оддалеченото Ѓаково се одржа демонстрација во врска со Крит заслужува помало внимание, отколку извесни сомнителни случки, вклучувајќи го тука и малиот погреничен конфликт кај Катерина. Овие случки создаваат лутина.

Меѓутоа, истовремено почнува да се јавува старото, под влијание на прашањето на Крит во позадина потиснато недоверие на Младотурците кон македо-бугарите[17] а и кон софиската влада. Додека последнава во едно соопштение на кајмакамот од Џума-Бала е обвинета за делење на оружје меѓу тамошните бугарски Отоманци,[18] првите со нивните конгресни заклучоци како и со овдешните атентати врз Сандански и неговите приврзеници го навлекле врз себе негодувањето на турската влада и на „Комитетот за обединение и прогрес", и затоа, според едно доверливо соопштение, од страна на полицијата и на Комитетот се донесени заеднички опсежни мерки за евентуално масовно затворање на некогашните бугарски комити.[19]

За Сандански се слуша дека како наемник на една терма ќе си обезбеди голема добивка и дека намерава да се откаже од политиката, што според едни се должи на овдешниот атентат од пред кратко време (еден друг врз еден негов приврзеник исто така се случи во Солун на 10. овој месец), а спред други, се должи на убедувањето дека, според расположбите на најголемиот број од овдешните другари на Конгресот, идејата што ја застапува Сандански за заедништво меѓу Младотурците и македоно-бугарите нема да биде долго време одржлива.

И покрај јасната младотурска осведоченост на делот на влијателните Муслимани во солунскиот вилает, сакам да известам дека на 11. о.м. еден оџа во една солунска џамија одржал реакционерен и во однос на Комитетот непријателски говор и затоа бил притворен. На ова не сакам да му придадам посебно значење, но сметам дека не треба да го премолчам заради тоа што со оглед на месецот на постот секој израз на муслимански фанатизам заслужува внимание.

[17] Се мисли на македонците

[18] Се работи за македонските поданици на Турската империја.

[19] Станува збор за македонски комити.

Истото го известувам за Цариград под бр. 209.

Дозволете ми Ваше Височество израз на мојата најдлабока почит.

Гинтер

До Неговото Височество
Благородниот Господин
Алоис Гроф Ерентал
итн. итн. итн.
**Виена**

АМ, фонд: Министерство за надворешни
работи на Австро-Унгарија, M-XV/174/109-13

5.

Бр. 245 Солун, 22 ноември 1909 година

Благороден грофе,

Познатиот бугарски[1] водач Сандански треба да добил овие денови од турската влада во Цариград високо полициско службеничко место.

Нека повели Вашето Височество да се потсети и на обидот за атентатот врз наведениот овде од пред неколку месеци. Денес три по тој повод затворени лица по име Гунев, Валчев и Василев поднесоа писмена молба преку еден поверител до Генералниот конзулат за заземање кај локалната влада заради нивно неоправдано затворење.

Не треба да го уверувам Вашето Височество дека одбив секаков вид вмешување.

Доколку дозволи Вашето Височество, усно би му ја ставил на знаење наведената молба и нејзиното одлучно одбивање во некоја прилика на генерелниот гувернер.

Истото го известувам за Цариград под бр. 236.

Дозволете ми Ваше Височество израз на мојата најдлабока почит.

Мингер

До Неговото Височество
Благородниот Господин
Алоис Гроф Ерентал
итн. итн. итн.
**Виена**

АМ, фонд: Министерство за надворешни
работи на Австро-Унгарија, M-XV/174/114-15

---

[1]Се мисли македонски војвода